Јули, 2024

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРЕДЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ЗА ТРОШОЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ И СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ЗАШТИТА НА НАЗИВОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ СО ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО, ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА И ОЗНАКА ЗА ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ

## I. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДЛОЖУВАЧ

НАЗИВ НА ПРЕДЛОЖУВАЧ:

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса: Ул.Аминта Трети бр.2
1000 Скопје
Телефон / факс: 02 3 134 477 локал 403
Емаил: info@mzsv.gov.mk

ОДГОВОРЕН СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ:

Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ:_______________

М П

## II. НАЗИВ И РЕЗИМЕ НА ПРЕДЛОГОТ (КРАТКА СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОГОТ)

На не повеќе од една страна да се даде краток опис на постоечката состојба, поставените цели, целни групи, кои се планираните активности, кои се очекуваните резултати и бараниот износ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024година.

## III. ОПИС НА ПРЕДЛОГОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ

1. **ОПИС НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА (да се даде опис на производот за кој се бара заштита на географскиот или традиционален назив, кои се неговите карактеристики, по што квалитетот е уникатен, кој е начинот на**

**производство, дали називот на производот е препознаен и популарен меѓу потрошувачите, кои се моменталните слабости што треба да се надминат, дали производот е предмет на имитација, злоупотреба на називот итн.)**

2. ПОСТАВЕНИ ЦЕЛИ **(целите треба да се јасно дефинирани, остварливи, мерливи, итн.).**
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ **(да се идентификуваат целните групи)**
4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ **(кои се очекуваните резултати односно што се очекува да се постигне со користењето на техничката поддршка, кои би биле економските, социјалните или еколошките придобивки, каков би бил ефектот врз производителите, потрошувачите, руралната средина итн.)**

## IV. ПЛАН НА АКТИВНОСТИ СО ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ПРЕДЛОГОТ ПО АКТИВНОСТИ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

- Планот на активности треба да содржи: назив на активноста, опис на активноста, период на реализација од – до, потребни ресурси, одговорно лице.
Да се наведе методологијата за спроведување и реализација на активностите

## V. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ, ВРЕМЕНСКА РАМКА И ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

1. Финансискиот план ги содржи планираните трошоци за реализација на манифестацијата:
- Планираните трошоци за реализација на манифестацијата мора да бидат во согласност со прифатливите трошоци утврдени во член 5 став (5) од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/19 и 236/19, 53/21,175/21,257/21,67/22,81/22,206/22,43/23, I 123/23);
2. Финансискиот план треба да содржи извор на финансирање;
3. Банкарска сметка на која треба да се исплати поддршката.
4. Да се наведе одговорно лице за спроведување на финансискиот план

## VI. ИЗЈАВА ДЕКА ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА НЕ СЕ ФИНАНСИРАНИ ОД ДРУГА ИНСТИТУЦИЈА.

- Изјавата со печат и потпис дека овој тип на активност не била или не се финансира од друга институција

## VII. КОН ПРЕДЛОГОТ СЕ ПРИЛОЖУВААТ СЛЕДНИТЕ ДОКУМЕНТИ:

1. Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија;
2. Препораки или други докази за претходна имплементација на сродни предлози;
3. Доказ од Централен регистар на Република Северна Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка
4. Доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки и
5. За здруженија и стопански комори: годишна програма за работа со вклучени активности од предлогот за користење, усвоена согласно Статутот.
6. Доказ за поврзаност на производот со географското подрачје (за географска ознака или ознака за потекло).
*- како доказ може да се користи било каков документ од минатото (извадок од весник, печатена книга, докторски или магистерси труд, документирани истражувања итн.) со кој ќе може да се утврди дека производот односно неговиот назив асоцира на одредено географско потекло или одредено географско подрачје*
7. Доказ за специфичниот и традиционален карактер на производот (за гарантиран традиционален специјалитет).
*- како доказ може да се користи било каков документ од минатото (извадок од весник, печатена книга, докторски или магистерси труд, документирани истражувања итн.) со кој ќе може да се утврди дека производот има долга традиција на производство односно се произведува на начин што се практикувал и во минатото*
8. Изјава за бројот на производители кои го произведуваат производот и кои се членови на групата која го поднесува предлогот за користење, количина на годишното производство на производот, дефинираното географско подрачје (за заштитени ознаки за потекло односно за географски ознаки), придобивки кои би ги имал регионот од заштитатана производот и промотивни активности кои би се спроведувале

## VIII. БУЏЕТ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Предлогот треба да содржи износ на планираните трошоци по ставки како и вкупниот побаруван износ на техничката поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија изразени во денари со пресметан данок на додадена вредност.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015